**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Скопје/Shkup, 5 јули 2022 година/viti
Бр./Nr.: 41-5144/1

**До Министерството за економија**

**<u>Скопје</u>**

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, донесено од Владата на Република Северна Македонија, под бр. 41-5144/1 од 5 јули 2022 година.

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Подготвил: Далибор Станојковски, помлад соработник
Проверил: д-р Стефан Волкановски, државен советник
Контролирал: Љубица Р. Димовска, државен советник
Снежана М. Пендовски, државен советник
Согласен: Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

**Прилог: 1**

**Доставено и до:**
-Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јули 2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект **ХОТЕЛ ФРЕЈА** со седиште на ул.Маршал Тито бр.45 – Струга, ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија.

**Образложение**

ДПТУ БИЛЈАНОВИ ДОО Струга со седиште во с.Мислешево – Струга поднесе Барање бр.УПI 13-216 од 6.5.2022 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ ФРЕЈА - Струга, за хотел од втора категорија со четири ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Ивештај бр.УПI 13-216 од 17.5.2022 година, констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за сместување за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување. Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

**ПРАВНА ПОУКА**:Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**

**Бр. 41-5144/1**
**5 јули 2022 година**
**Скопје**

Подготвил: Далибор Станојковски
Проверил: д-р Стефан Волкановски / Катерина Јаневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Зоран Брњарчевски
Одобрил: м-р Методија Димовски

Прилог

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА**
**УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ**

# ИЗВЕШТАЈ

**за извршена категоризација на угостителскиот објект за сместување, со предлог за определена категорија на угостителскиот објект за сместување**

**Бр. УП І 13-216 од 17 / 05 / 2022 година**

Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување, постапувајќи по барање бр. УП І 13-216 од 06.05.2022 година, поднесено од ДПТУ БИЛЈАНОВИ ДОО, со адреса ул. Браќа Миладиновци бр.555 Струга за утврдување и исполнување услови за категоризација во угостителски објект Хотел Фреја во хотел (вид на угостителски објект) со предлог категорија од угостителот од 4 ѕвезди, изврши увид на предметниот објект при што го утврди следното:

Согласно Правилникот за категоризација на угостителски објекти (хотели) Комисијата изврши увид во угостителскиот објект Хотел Фреја на ул. Маршал Тито бр.54 Струга.
Комисијата констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со (4) ѕвезди.

Во врска со утврдената фактичка состојба присутното лице ги имаше следните забелешки:

| | | |
|---|---|---|
| Од наведеното се констатира дека објектот условите за бараната категорија | ☒ ГИ ИСПОЛНУВА | ☐ НЕ ГИ ИСПОЛНУВА |
| Записникот е прочитан на присутните Странки и забелешки: | ☐ ИМА | ☒ НЕМА |

Учесници во увидот  име и презиме  предложена категорија  потпис

Од Комисијата:

1. Бинемг Мустафоски
2. Дејтон Реџиа
3. Алиндо Керугі
4. Ивана Сандевски
5. Факи Ондишеско
6. Леві ЯАНМЕТІ
7. Гунул Салм
8. Ивана Пасевска
9. Горан Пазов
10. Димче Лазаревски
11. Флоријане Ристевски
12. Векім Мурекі
13. Стојне Ј. Исоноски

Од Барателот:

1. Славе Билјан

Врз основа на член 27-б став 3 од Законот за угостителската дејност, решавајќи по барањето бр. УП1 13 - 216 од 06.05.2022 година, Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување донесе

## ПРЕДЛОГ ЗА КАТЕГОРИЈА
### на угостителскиот објект за сместување

1. Се утврдува дека угостителскиот објект Хотел Фреа Струга со седиште на адреса ул. Маршал Тито бр. 54 ги исполнува условите согласно Правилникот за категоризација на угостителски објекти за Хотел од Втора категорија со 4 ѕвезди супериор ѕвезди.

2. Составен дел од Извештајот е фотографски документиран материјал кој се користи како доказ за исполнување на условите и стандардите според кој се врши категоризација на угостителскиот објект.

3. Образложение од член од комисијата кој не се согласува со предложената категорија.

17.05.2022

Датум и место

Комисија за категоризација

Претседател

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË

М.П.